ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 0202-270/1
24.08 2015 год.
ШТИП

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), Раководителот на Центарот за развој на Источен плански регион, на ден 24.08.2015 година, донесе

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Стратегија за развој на туризмот во Источен плански регион со Акционен план (2015-2024), кој го донесува Центарот за развој на Источен плански регион потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Стратегија за развој на туризмот во Источен плански регион со Акционен план (2015-2024), се определуваат следните:Општина Штип, Општина Пробиштип, Општина Берово, Општина Виница, Општина Делчево, Општина Зрновци, Општина Карбинци, Општина Кочани, Општина Македонска Каменица, Општина Пехчево, Општина Чешиново - Облешево, Центар за развој на Источен плански регион, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерство за економија,. Агенција за промоција и поддршка на туризмот, Асоцијација на хотели, ресторани, кафетерии и автокампови - ХОТАМ, невладини организации.

3. За планскиот документ Стратегија за развој на туризмот во Источен плански регион со Акционен план (2015-2024), за чија изработка е одговорено Центар за развој на Источен плански регион, а го донесува Советот за развој на Источен плански регион, донесувањето на планскиот документ Стратегија за развој на туризмот во Источен плански регион со Акционен план (2015-2024) ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: Сегашна состојба со животната средина во општините во Источен плански регион, биолошката разновидност, природното и културно наследство, постојни туристичко - сместувачки капацитети во регионот, идентификување на осетливи елементи на животната средина во 11 општини во Источен плански регион: квалитетот на вода на река Брегалница, квалитет на воздух, управување со отпад, состојбата со почвите на предметното подрачје. Целите на стратешкиот документ и нивната компатибилност со целите на плански документи на локално, регионално и национално ниво. Влијанието на развојните решенија предвидени со Стратегијата во поглед на осетливите елементи во Источен плански регион. Анализа на придобивките од спроведување на Стратегијата за развој на туризмот во Источен плански регион, врз социо - економската состојба на населението, зголемен прилив на туристи и зголемена понуда на туристички содржини (планински, рурални, културни и спа) со цел Источниот плански регион да прерасне во развиена туристичка територијална целина.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Центарот за развој на Источен плански регион на следната веб адреса/и: www.eastregion.mk.

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.
Место Штип

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН ШТИП

Име и презиме

Драгица Здравева